**UDK: 347.155:340.13(497.7)**
**347.155(4)**

# THE ACTIVE LEGAL CAPACITY OF NATURAL PERSONS IN THE CIVIL LAW

**Tea Lalevska**
Assistant
Faculty of Law "Justinian the First" at the University "St. Cyril and Methodius" - Skopje
t.lalevska@pf.ukim.edu.mk

**Abstract**
This paper's research subject is the active legal capacity of natural persons as participants in civil-law relations. The paper will analyze the meaning of active legal capacity as an element of the personhood of natural persons that enables persons to actively participate in legal transactions by expressing their will in legal relations. In order to comprehensively present the nature of the institute-active legal capacity, the paper will present the types of active legal capacity, the conditions for acquiring active legal capacity, as well as the termination of active legal capacity. The complexity of the institute-active legal capacity in civil law will be presented through the analysis of the types of active legal capacity and their impact on the personhood of natural persons. The conditions for acquiring active legal capacity will be analyzed in correlation to the types of active legal capacity in order to show what conditions must be met for a certain person to acquire a certain type of active legal capacity. The paper will also analyze the termination of the active legal capacity, showing the reasons for the termination and the legal consequences of the termination of the active legal capacity. The paper will also contain a comparative legal analysis of the legal regulation of the institute-active legal capacity in the modern legal systems of EU candidate countries and EU member states.

***Keywords***: *l*egal personality, active legal capacity, natural persons, rights and obligations

# ДЕЛОВНАТА СПОСОБНОСТ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА ВО ГРАЃАНСКОТО ПРАВО

**Теа Лалевска**
Асистент
Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
t.lalevska@pf.ukim.edu.mk

**Апстракт**
Предмет на истражување во овој труд е деловната способност на физичките лица како субјекти во граѓанскоправните односи. Во трудот ќе биде анализирано значењето на деловната способност како елемент на субјективитетот на физичките лица, кој им овозможува на лицата

активно да учествуваат во правниот промет изразувајќи ја својата волја во правните односи. Со цел сестрано да се прикаже природата на институтот деловна способност, во трудот ќе се претставаат видовите деловна способност, условите за стекнување на деловна способност, како и престанокот на деловната способност. Преку анализа на видовите деловна способност и нивното влијание во субјективитетот на физичките лица ќе се прикаже комплексноста на институтот деловна способност во граѓанското право. Условите за стекнување деловна способност ќе бидат анализирани во корелација на видовите деловна способност со цел да се прикаже какви услови треба да бидат исполнети за одредено лице да стекне определен вид деловна способност. Во трудот ќе се анализира и престанокот на деловната способност, при што ќе се прикажат причините за престаноки правните последици од престанокот на деловната способност. Трудот ќе содржи и споредбеноправна анализа на правната уреденост на институтот деловна способност во современите правни системи на земји кандидати за членство во ЕУ и земји членки на ЕУ.

***Клучни зборови*:** правен субјективитет, деловна способност, физички лица, права и обврски.

**Вовед**

Во современиот живот пости развиен граѓанскоправен промет насочен кон реализирање на разновидни правни односи од кои произлегуваат права и обврски за учесниците во правниот промет. Главни двигатели на граѓанскоправниот промет т.е. учесници се физичките лица. За да можат да учествуваат во граѓанскоправниот промет на физичките лица им се признава правен субјективитет преку кој тие ги остваруваат своите граѓански субјективни права и обврски. Правниот субјективитет на физичките лица можеби е различно детерминиран во современите правни системи, но она што важи за сите е дека на секое физичко лице во моментот на раѓањето правниот поредок му го признава на својството на правен субјект.

Со самото раѓање, едно физичко лице станува потенцијален носител на граѓански субјективни права и обврски, односно тоа стекнува правна способност. Меѓутоа, за едно физичко лице да може активно да учествува во правниот промет треба да се стекне и со деловна способност која се стекнува подоцна во животот, односно со полнолетството. Во моментот кога физичкото лице ќе стекне деловна способност тоа станува способно активно да учествува во правниот промет и свесно да презема правни дејства предизвикувајќи последици во правото. Имајќи ја предвид природата на деловната способност цивилната доктрина ја дефинира како својство на субјективитетот на физичко лице кое му овозможува да ја изразува правно релевантната волја во граѓанскоправниот промет.

Деловната способност како способност на физичките лица признаена од правниот поредок која овозможува тие со сопствена волја да преземаат правни дејства ќе биде анализирана во текстот што следи. Прво ќе се анализира поимот деловна способност, потоа подетално ќе бидат анализирани условите за нејзиното стекнување, видовите деловна способност и нивното влијание на субјективитетот на физичките лица, како и престанувањето на деловната способност на физичките лица.

## 1. Општо за поимот и појавата на деловна способност на физички лица

Во периодот на римското право деловната способност, иако како поим не била дефинирана во делата на старите римски правници, на неа се гледало како на способност на правните субјекти самостојно да стапуваат во правниот сообраќај, т.е. самостојно да се служат со правата и самостојно

да ги исполнуваат сопствените обврски.[85] Ваков вид на способност имале лицата кои биле способни во свое име и за сопствена сметка да преземаат правни работи, како и лично да ги остваруваат правата и да ги исполнуваат обврските. Во време на римското право деловната способност се огледала во начинот на самостојно располагање со свои права и обврски во правниот промет. Право самостојно да ги остваруваат своите права и обврски имале оние физички лица кои поседувале одредени квалитети (како што се определена возраст, психичко-морални својства, физички развој, пол), кои квалитети претставувале гаранција за нивно учество во правниот промет.

Цивилната доктрина смета дека правната основа за имплементирање на деловната способност како правен институт се поставува од страна на јуснатуралистите во 17 и 18 век. Во правните прописи деловната способност почнува да се уредува во 19 век. Прв законик кој го употребува поимот деловна способност, според правната наука е Германскиот граѓански законик од 1896 година.[86] За да се стекне деловна способност, како способност пропишана со правна норма, нужно е правниот поредок на физичкото лице прво да му го признае својството на правен субјект, односно тоа лице да има правна способност. Ова се потврдува и со фактот дека деловната способност физичкото лице ја стекнува подоцна во животот за разлика од правната способност која ја стекнува со чинот раѓање.[87] Општоприфатливо е гледиштето на повеќето цивилисти дека со стекнување деловна способност едно физичко може самостојно да ја изразува својата релевантна волја за да стапи во определен граѓанскоправен однос, односно означува слободно да изрази волја со која во правниот поредок ќе се здобие со одредени права и обврски[88].

Во македонското законодавство институтот деловна способност најпрво беше дефиниран во Законот за семејството[89], но со измените и дополнувањата на Законот за облигационите односи од 2008 година, деловната способност продолжува да се уредува со овој закон и до денес. Во таа насока е и членот 45-б на Законот за облигационите односи[90], кој пропишува дека: *„деловно способно лице самостојно изјавува правно релевантна волја“*, што значи дека здобивање деловна способност законодавецот ја поврзува со самостојноста на физичкото лице да изразува правно релевантна волја во правниот промет.[91]

---

[85] Пухан И., Бучковски В., Поленак-Аќимовска М., Наумовски Г., (2001). *Римско право.* 100.

[86] Како правна категорија деловната способност се прокламира во тогашниот пруски Закон за деловна способност на малолетници од 1875 година. Повеќе за историјата на деловна способност, види кај: Fröde C., (2012). *Willenserklärung, Rechtsgeshäft und Geshäftsfähigkeit*, Tübingen. 179.

[87] Живковска Р., Пржеска Т., (2021). *Граѓанско право - Општ дел,* Скопје: Европа 92. 115.

[88] Георгиевски С., (1970). *Правна и деловна способност на физичките лица, предавања учебна година 1969/70,* Скопје. 25; Групче А., (1976). *Граѓанско право – општ дел.* Скопје: Култура. 127; Станковиђ О., Водинелиђ В., (1995). *Увод у грађанско право*, Београд: Номос, 56; Попов Д., (2007). *Грађанско право, општи део, Пето измењено и допуњено издање,* Нови Сад. 82; Стојановиђ Д., Антиђ О., (2004). *Увод у грађанско право*, Београд. 142;

[89] Чл. 165, ст. 2, Закон за семејството, Сл. весник на РМ, бр. 80/92, 9/96, 28/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 44/12, 38/14, 115/14, 104/ 15 и 150/15.

[90] Чл. 45-б, Закон за облигационите односи, Сл. весник на РМ, бр. 18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13.

[91] Според Швајцарскиот граѓански законик, во членот 12 деловната способност се дефинира како: *„способност со свои дејствија да може да се засноваат права и обврски“.* Во Чешкиот граѓански законик, членот 15 деловната способност ја уредува како *„способност за стекнување права и обврски за себе преку преземање на правни дејствија и склучување на договори“.* Слично како и во македонскиот Закон, членот 18 на хрватскиот Закон за облигационите односи (Zakon o obveznim odnosima, NN 35/05, 41/08, 125/11, 78/15, 29/18, 126/21, 114/22, 156/22), за *„деловно способно лице го смета она кое може со своја сопствена волја да создава правни последици“*. За разлика од овие прописи, српскиот и црногорскиот Закон не уредуваат одредба со која се дефинира поимот деловна способност, туку само пропишуваат дека за склучување на договор страната *„мора да има деловна способност потребна за склучување на тој договор“,* види: čl. 56, Zakon o obligacionim odnosima, Sl. list SFRJ, br. 29/78, 39/85, 45/89 - odluka USJ i 57/89, Sl. list SRJ, br. 31/93, Sl. list SCG, br. 1/2003 - Ustavna povelja i Sl. glasnik RS, br. 18/2020) и čl. 49, Zakon o obligacionim odnosima, Sl. list CG, br. 47/2008, 4/2011 - dr. zakon i 22/2017.

Значењето на деловната способност се гледа преку можноста на субјектот да изјавува правно релевантна волја која доведува до создавање, менување или укинување на граѓанскоправни односи[92], што значи дека таа изјава на деловно способно лице може да произведе определени последици во правото.
Несомнено е дека деловната способност претставува суштинско својство на субјективитетот на едно физичко лице, поради тоа што лицето кое се стекнало со ваков вид способност самостојно учествува во правниот промет, стапува во определени правни односи со кои стекнува права и презема обврски. Со оглед на ова, нема да погрешиме ако кажеме дека преку деловната способност се отсликува личноста на секое физичко лице во правото. Со оглед на фактот што деловната способност претставува својство, а не граѓанско субјективно право, физичкото лице не може со својата деловна способност да располага (да се отуѓи или оптовари), таа претставува нераздвоен дел од неговиот субјективитет.

## 2. Услови за стекнување на деловна способност на физички лица

Македонското позитивно право пропишува дека за едно физичко лице да може да ја изрази својата правно релевантна волја во прометот треба кумулативно да бидат исполнети два законски услова и тоа: прво – навршување определена возраст и второ – постоење ментална зрелост (психичко здравје).[93]
Првиот услов (навршување определена возраст), ни покажува дека стекнувањето деловна способност на едно физичко лице правото го поврзува со состојба на полнолетство[94], односно со навршување на осумнаесетгодишна возраст, но и во други случаи предвидени со законски одредби.[95] Правната наука тврди дека определување на оваа возрасна граница е општествено оправдано, затоа што тргнува од ставот дека со наполнување на осумнаесетгодишна возраст физичкото лице достигнало доволен степен на зрелост за да биде свесно за дејствата што ги презема, како и последиците кои произлегуваат од тие дејствија.
Покрај исполнување на првиот услов – возраста, треба да се исполни и вториот услов – лицето да е психички здраво. Такво психичко здравје на осумнаесетгодишно физичко лице треба да одговара на просечниот развој кој се забележува кај индивидуите во едно општество.
Секое физичко лице кое ги има исполнето условите (навршување определена возраст и постоење ментална зрелост) се смета за деловно способно и може самостојно да стапува во правниот промет и да ги остварува своите права и исполнува своите обврски. Доколку физичкото лице не ги исполнува законските услови, односно и по полнолетството не е доволно психички здраво за да се грижи за своите права и обврски, правото недостатокот на деловна способност го компензира со институтот застапништво.

## 3. Видовите деловна способност и влијанието на субјективитетот на физички лица

[92] Попов Д., *op.cit.*, 82.
[93] Живковска Р., Пржеска Т., *op.cit.*, 116.
[94] Според членот 1 на Конвенцијата за права на детето *„за дете се смета секое човечко битие кое нема навршено осумнаесет години живот, освен ако порано не го стекне полнолетството според законските одредби...“,* Види: Закон за ратификација на Конвенцијата за правата на детето, Сл. весник на СРЈ, бр. 150/90 и Закон за ратификација на Европската конвенција за остварување на правата на децата, Сл. весник на РМ, бр. 12/02.
[95] *„Полнолетството се стекнува со наполнување на 18 години од животот, кога полнолетното лице се здобива со деловна способност“,* чл. 10, ст. 2, Закон за семејството...
*„Физичкото лице со деловна способност се стекнува со навршувањето на годините на полнолетство и во други случаи предвидени со закон“,* чл. 45-б, Закон за облигационите односи...

Во правната теорија се познати две класификации на видови деловна способност. Првата класификација соодветствува на поделбата на видовите правна способност[96], и на таа основа деловната способност се класифицира на: општа, посебна и ограничена деловна способност. Втората класификација на деловна способност се врши врз основа на интензитетот на изјавената волја, односно степенот на самостојноста во изјавување волја од страна на физичкото лице. Според овој критериум се врши степенување на деловната способност на: потполна деловна способност, делумна деловна способност и потполна деловна неспособност. [97] Анализирајќи ги класификациите на деловната способност, цивилистите како поважна ја сметаат втората класификација поради фактот што ја изразува поврзаноста на деловната способност со процесот на созревање и осамостојување на физичкото лице кое деловната способност ја стекнува постепено сотекот на времето и со навршувањето на определена возраст. Како што процесот на созревање на личноста е постепен и почнува од моментот на раѓање и трае сè додека лицето не достигне определена возраст за да може самостојно да презема правни работи, логично е да се смета дека деловната способност на физичкото лице е различна во различни периоди од животот.

### 3.1. Класификација на деловната способност на општа, посебна и ограничена

Како што кажавме првата класификација на деловната способност е класификацијата на општа, посебна и ограничена деловна способност.

Според цивилистите општа деловна способност стекнуваат сите физички лица со навршување на осумнаесетгодишна возраст ако се психички здрави. Општа деловна способност во поглед на можноста за изјавување правнорелевантна волја се поклопува со потполна деловна способност. Физичкото лице со општа деловна способност може неограничено да изјавува правнорелевантна волја за сите правни дела во прометот, без ограничувања и без да има потреба од претходна или дополнителна согласност од страна на трето лице.

Стекнувањето посебна деловна способност бара исполнување на дополнителни услови. Физичко лице стекнува посебна деловна способност ако ги исполнило условите за стекнување на посебна правна способност и доколку е општо деловно способно. Во овој поглед имањето посебна правна способност и општа деловна способност води кон стекнување посебна деловна способност. На пример, адвокатот како носителот на посебна правна и деловна способност има можност да врши определена дејност (професија) и да изјавува волја во вршењето на дејноста затоа што ги исполнил стручно – техничките услови и добил дозвола (лиценца) да ја врши својата дејност (посебна правна способност), а воедно поседува и општа деловна способност. Врз основа на ова, може да се увиди дека не сите физички лица имаат посебна деловна способност. За разлика од општа деловна способност, посебна деловна способност ја поседуваат само оние физички лица кои, покрај исполнување на двата општи услови, ги исполнуваат стручно-техничките услови и имаат дозвола за вршење на дејноста, па покрај општата имаат и посебна правна способност. [98]

Ограничената деловна способност на физичко лице е резултат на постоењето ограничена правна способност. Во таа смисла лицето на кое му е ограничена општата правна способност, т.е. не можеда биде носител на определени граѓански субјективни права, како резултат на тоа ограничување не

---

[96] Подетално за правна способност и видови правна способност, види кај: Живковска Р., Пржеска Т., *op. cit.,* 70-80.

[97] Во цивилната доктрина се сретнуваат слични класификации на видови деловна способност. Според. Vukadinović S., постојат две поделби на деловна способност: делумна и потполна и ограничена и неограничена. (2021). *Građansko pravo – opšti deo*, Beograd.18; Во тој правец е и гледиштето на Vodinelić V., кој делумна деловна способност ја нарекува и специјална, а потполната – универзална деловна способност. (2020). *Građansko pravo, Uvod u građansko pravo i Opšti deo građanskog prava, četvrto izdanje,* Beograd. 361; Бабић И., смета дека во зависност од условите кои се бараат физичкото лице може да биде потполно деловно неспособно, ограничено (делумно) деловно способно и потполно деловно способно, (2021). *Увод у грађанско право и стварно право, девето измењено и допуњено издање*, Београд: Службени гласник. 57.

[98] Живковска, Р. Пржеска Т., *op. cit.,* 118.

може ни да изјавува правно релевантна волја за да ги стекне тие права. До ограничување на правната и деловната способност најчесто доаѓа поради безбедносни или социоекономски причини.

### 3.2. Класификација на деловната способност на потполна деловна способност, делумна деловна способност и потполна деловна неспособност

Според втора класификација на видовите деловна способност, деловната способност може да биде потполна деловна способност, делумна деловна способност и потполна деловна неспособност. Цивилистите обрнуваат посебно внимание затоа што според нивното мислење оваа класификација акцентот го става на интензитетот на волјата која едно физичко лице може да ја изразува во правниот промет[99].

а) За потполно деловно способно се смета она физичко лице кое има наврщено осумнаесетгодишна возраст и психичко (ментално) здравје. По исключок, потполна деловна способност може да стекне и лице со навршени 16 години ако стапи во брак со дозвола од судот. Станува збор за порано стекнување деловна способност или т.н. еманципација[100]. Физичките лица кои имаат потполна деловна способност може самостојно да учествуват во правниот промет. По својот обем и содржина потполна деловна способност се поклопува со општа деловна способност.

б) Делумна деловна способност имаат оние лица кои само во ограничен број случаи може да изјавуваат правнорелеватна волја. Делумно деловно способни се малолетните лица кои се над 14 годишна возраст[101] и полнолетните лица на кои делумно им е одземена деловната способност со одлука на судот.

Малолетните лица над 14 годишна возраст можат да стапуваат во правниот промет само со согласност од страна на трети лица (родителите или старател како законски застапници). По исклучок, тие можат да склучуваат договори и без одобрение, но само оние чие склучување го допушта законодавецот[102]. Во случај на склучување договор без одобрение, тој може да произведува правни последици ако биде дополнително одобрен, во спротивно се смета дека е рушлив.

Малолетните лица од 14 до осумнаесетгодишна возраст имаат делумна деловна способност и можат да изјавуваат правнорелевантна волја само во оние случаи кои се предвидени со законските решенија.

- Делумно деловно способно малолетно лице може да изјави правнорелевантна волја да прими дар. Ова е уредено во Законот за облигационите односи, кој пропишува можност малолетното лице со навршени 14 години да се јави како даропримач во договорот за дар.[103]
- Законот за наследувањето[104] на делумно деловно способно физичко лице му дозволува да составува тестамент по навршување на 15 години возраст.
- Малолетник кој навршил 15 години може да стапи во работен однос согласно Законот за работните односи. Според одредбите од Законот, малолетното лице кое има делумна деловна способност е способен да заснова работен однос, како и слободно да располага со сопствената плата.[105] Во врска

---

[99] Групче А., *op. cit.,*128.

[100] Живковска Р., Пржеска Т., *op. cit.,*120.

[101] Македонскиот законодавец не прави разлика меѓу помлади и постари малолетници за разлика од другите современи правни системи. Според бугарскиот Закон за лицата и семејството (Закон за лицата и семейството), во членот 2 се прави дистинкција на малолетни лица и тоа како: малолетници (до 14 години) и неполнолетни лица (од 14 до 18 години). Во Германскиот граѓански законик (§104-100), долната граница за малолетни лица кои се деловно неспособни почнува на 7 годишна возраст, но се дозволува да прими дар.

[102] Чл. 48, Закон за облигационите односи...

[103] *„Дар може да прими и лице со ограничена деловна способност, како и деловно неспособно лице..."*, Види: чл. 558, ст. 1, Закон за облигационите односи...

[104] Чл. 62, Закон за наследувањето...

[105] Види: чл. 18, Закон за работните односи, Сл. весник на РМ, бр. 62/05, 108/06, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и Сл. весник на РСМ, бр.110/19. Исто така и чл. 35 на Чешкиот граѓански законик пропишува дека:

со оваа одредба се надоврзуваат одредбите на Законот за семејството[106] и Законот за сопственост и други стварни права[107], кои дозволуваат физичкото лице со навршени 15 години живот да придонесува за сопствено воспитание и усовршување, како и да може да стекнува имот во семејна заедница.
- Малолетно лице од шеснаесетгодишна возраст може да изјави правно релевантна волја за да стапи во брак, под услов да има дозвола од вонпарничниот суд.[108] Стапувањето во брак на малолетното лице последователно доведува и до стекнување на потполна деловна способност – еманципација.[109]
Покрај малолетните лица кои се над четиринаесетгодишна возраст, делумна деловна способност имаат и полнолетните лица на кои судот во посебна вонпарнична постапка делумно им ја одзема деловната способност. [110] Овие полнолетни лица на кои судот им ја ограничил, т.е. делумно им ја одзел деловната способност можат да изразуваат правнорелеванта волја во прометот, односно да ги склучуваат сите правни дела, со исклучок на оние правни дела кои децидно им се забранети со судска одлука.[111]
Кога станува збор за делумна деловна способност, мошне е важно да се укаже и на поимното определување на оваа деловна способност како делумна. Повеќето материјални закони[112] кои ја уредуваат деловната способност на физичките лица, во кои и спаѓа нашиот[113], не се употребува терминот делумна, туку ограничена деловна способност. Освен законодавецот, поимот ограничена деловна способност се користи и од страна на цивилистите.[114] Сепак, сметаме дека посоодветна употреба има терминот делумна деловна способност, пред сѐ затоа што втората класификација на деловна способност се врши според интензитетот на волјата, а кога се споменува ограничена деловна способност повеќе асоцира на ограничување на деловната способност по обем, односно ограничување на права кои можат да се стекнуваат.[115]
в) Потполно деловно неспособни се физичките лица кои не можат да изразуваат правнорелеватна волја и самостојно да учествуваат во правниот промет. Тоа се малолетни лица до 14 годишна возраст и полнолетни лица на кои потполно (целосно) им е одземена деловната способност од судот во

---

*,,малолетник кој има навршено 15 години од живот и има завршено задолжително образование може да заснова работен однос".*

[106] *,,Малолетник под старателство кој наполнил 15 години од животот може сам, без одобрение на старателот, да заснова работен однос и слободно да располага со остварената плата, при што е должен сам да придонесува за своето издржување, воспитание и стручно оспособување",* Види: чл. 162, ст. 1, Закон за семејството...

[107] *,,Во семејната заедница, по правило, не може да стекнува имот дете кое не навршило 15 години од животот*, Види: чл. 94, Закон за сопственост и други стварни права, Сл. весник на РМ, бр. 18/01, 92/08, 139/09, 35/10.

[108] Подетално за постапката за давање дозвола за склучување брак, види: Чл. 93-105, Закон за вонпарнична постапка, Сл. весник на РМ, бр. 9/08. Исто така и: Јаневски А., Зороска – Камиловска Т., *op. cit.*,98-102.

[109] Според француското законодавство, малолетно лице може да се стекне со општа деловна способност без склучување брак, под услов да има 16 години живот, Види: art. 477, Француски граѓански законик.

[110] Подетално за постапката за одземање и враќање на деловната способност, види: чл. 34-57, Закон за вонпарнична постапка...

[111] Чл. 48, ст. 2, Закон за облигационите односи...

[112] Српскиот Закон за облигационите односи, исто како и македонскиот, го користи терминот ограничена деловна способност: *,,Ограничено деловно способно лице може без одобрување на законскиот застапник да склучува оние договори кои ги дозволува законот...*". Види: Чл. 56, ст. 2, од Законот. Со истиот термин во членот 49, ст. 2 се користи и црногорскиот Закон за облигационите односи.

[113] *,,Лицето кое навршило 14 години до полнолетство и полнолетното лице на кое му е ограничена деловната способност е ограничено деловно способно, освен ако со закон поинаку не е определено",* чл. 45-б, ст. 4, Закон за облигационите односи...

[114] Така: Попов Д., *op. cit.*, 82; Гамс А., (1967). *Увод у грађанско право – општи део*, Београд: Научна књига. 99; Георгиевски С., *op. cit.*, 29.

[115] А. Групче, *op. cit.*, 128.

посебна вонпарнична постапка[116]. Волјата која ја изјавуваат овие лица не произведува правни последици, па затоа во правниот промет тие учествуваат само преку нивни законски застапници. Во овој контекст важно е да се подвлече дека македонското право дозволува на овие лица да им се признае правно релевантна волја, но само во два случаи: при склучување на договор за дар како дароприм ачи и при склучување на договори со незначителна вредност или т.н. секојдневни договори чие склучување е вообичаено во секојдневниот живот.[117]

## 4. Престанок на деловна способност на физички лица – причини и последици

Деловната способност е значајно својство на физичкото лице кое му овозможува на лицето активно да учествува во правниот промет[118], меѓутоа треба да се има предвид дека ова својство не го следи физичкото лице во текот на целиот негов живот. Како што веќе кажавме деловната способност, за разлика од правната способност, се стекнува подоцна во животот. Исто така, еднаш стекнатата деловната способност може да престане и пред смртта на физичкото лице ако настапат причини за нејзино одземање. Станува збор за одземање на деловната способност во вонпарнична постапка од страна на судот.[119] Притоа, одземањето на деловна способност може да биде потполно или делумно, со што судот го сведува лицето на потполно деловно неспособно или делумно деловно способно лице.

Анализирајќи ги условите за стекнување деловна способност можевме да увидиме дека еден од тие услови е постоење на психичко здравје кај физичкото лице. Психичкото здравје игра значајна улога во свесноста на физичкото лице и во неговата способност да го сфати значењето на своите постапки и правни последици кои тие ги носат. Ако се земе предвид дека психичкото здравје на физичкото лице може да се наруши под влијание на определени причини[120], тогаш сосема е оправдано што законодавецот пропишува можност за делумно или целосно одземање на деловната способност, пред се, за да го заштити лицето кое како резултат на влошување на психичката состојба повеќе не може самостојно да се грижи за своите права и правни интереси.[121]

Постапката за одземање деловна способност судот ја поведува по службена должност кога ќе дојде до сознание или ќе утврди дека постојат причини да се одземе деловната способност на определено лице. Освен по службена должност, ваков вид на постапка може да се поведе и по предлог на овластен предлагач со закон.[122] Бидејќи оваа постапка директно влијае на субјективитетот на физичкото лице, законодавецот ја определува како итна, а заради заштита на приватноста на лицето против кое се води постапката јавноста е исклучена.

Основна цел на постапката за одземање или ограничување на деловната способност е да се утврди дали постојат законски причини за одземање на деловната способност, односно дали лицето е или не е способно да расудува. При оцена на способноста, односно неспособноста на лицето против кое се води постапката, судот задолжително го сослушува лицето против кое се води постапката, како и секое друго лице кое може да даде информации за животот и однесувањето на лицето против кое се води постапката. Покрај сослушувањето, за да се утврди состојбата на менталното здравје на

---

[116] Чл. 45-б, ст. 3, Закон за облигационите односи...

[117] Види: Чл. 47-а, ст. 3, Закон за облигационите односи. Според српскиот Закон за семејство: *..„помладите малолетници можат да преземаат правни дела со кои добиваат права, а не се стекнуваат со обврски, како и правни дела од помало значење".* (čl. 64. st. 2, Porodični zakon, Sl. glasnik RS, br. 18/2005, 72/2011 - dr. zakon i 6/2015). За потполно деловно неспособни лица, според Германскиот граѓански законик (§104) се лицата: *„ под 7-годишна возраст и полнолетни лица кои се во состојба на душевно растројство што ја исклучува можноста за да изјават правно релевантна волја".*

[118] Групче, *op. cit.,* 183.

[119] Чл. 34-57, Закон за вонпарнична постапка...

[120] Чл. 34, ст. 1, Закон за вонпарнична постапка...

[121] Јаневски А., Зороска – Камиловска, Т. *op. cit.,* 77.

[122] Чл. 36, Закон за вонпарнична постапка...

лицето, судот наложува и задолжителен преглед на лицето кој се врши од страна на двајца лекари (еден од нив е специјалист за нервни и душевни болести) и тоа во присуство на судија.
Врз основа на изведените докази и утврдените факти судот носи решение со кое одлучува за целосно или делумно одземање на деловната способност на физичкото лице. Ако судот делумно ја одземе деловната способност на физичкото лице тогаш тоа лице се сведува на делумно деловно способно лице, а доколку судот целосно ја одземе деловната способност на лицето, тогаш тоа лице станува потполно деловно неспособно.[123]
Во поглед на правната природа на решението, правната наука смета дека ова решение има конститутивна природа затоа што со решението се врши промена на правната состојба на лицето кое од деловно способно станува потполно деловно неспособно или делумно деловно способно лице.[124]
Во правната теорија се поставува прашањето дали лицето на кое деловната способност целосно му е одземена, може да склучи полноважен договорот доколку има т.н. светли моменти (lucida interval), а договорот го склучило во еден таков момент. Иако, т.н. „светли моменти“ се сметаат за состојба во која лицето е способно да расудува, повеќето цивилисти се на гледиштето дека заради правна сигурност во прометот правни дела кои се склучени од лица на кои им е одземена или ограничена деловна способност не треба да се смета за полноважни дури и ако биле склучени во тие „светли моменти“.[125]
Причините поради кои се одзема деловната способност на лицето не се од апсолутен карактер, а тоа значи дека утврдените причините поради кои лицето не е во состојба да се грижи за себе и да ги заштитува своите права и интереси може да престанат да постојат. Ако дојде до престанок на причините поради кои била одземена деловната способност може да се бара враќање на деловната способност. Станува збор за поведување вонпарнична постапка за враќање на деловната способност на физичкото лице.[126]
Постапката за враќање на одземената деловна способност ја поведува судот или лицата кои се пропишани како овластени предлагачи. За разлика од постапката за одземање на деловната способност, во постапката за враќање на деловна способност како предлагач може да се јави и физичко лице на кое му била одземена деловната способност. [127] Врз основа на утврдените факти и докази, судот во постапката за враќање на деловната способност донесува решение со кое целосно или делумно ја враќа деловната способност на физичкото лице или решение со кое ќе го одбие предлогот за враќање на деловната способност. Решение со кое целосно или делумно се враќа деловната способност на физичкото лице има конститутивна природа затоа што доведува до промени во субјективитетот на физичкото лице.

**Заклучок**

Трудот ја анализира деловната способност на физичките лица како правни субјекти во граѓанскоправниот промет. Детално се анализираат условите за стекнување на деловната способност, видовите деловна способност, правната природа на деловната способност и нејзиното влијание на субјективитетот на физичките лица.
Од трудот се увиде дека ставот на повеќето цивилисти во врска со поимното определување на деловната способност не се разликува од ставот на законодавецот кој пропишува дека деловно способно лице е лице кое самостојно изјавува правнорелевантна волја во правниот промет.

---

[123] Чл. 48, Закон за вонпарнична постапка...
[124] Јаневски, А. Зороска – Камиловска Т., *op. cit.,* 82.
[125] Попов, Д. *op. cit.,* 84.
[126] Чл. 49, Закон за вонпарнична постапка...
[127] Чл. 52, Закон за вонпарнична постапка…

Во трудот се покажа дека македонското позитивно право деловната способност на физичките лица ја условува со исполнување на два законски услова. Првиот услов е навршување определена возраст (18 години, но и во други случаи предвидени со закон), а вториот услов е постоење ментална зрелост (психичко здравје). Ако ги исполнува условите, тогаш правото смета дека тоа физичко лице е деловно способно.
Анализата на видовите деловна способност во трудот поаѓа од двете основни класификации на деловна способност кои ги познава правната теорија. Првата класификација ја класифицира деловната способност на општа, посебна и ограничена деловна способност, а втората класификација разликува потполна деловна способност, делумна деловна способност и потполна деловна неспособност.
Од трудот се гледа дека општа деловна способност ја имаат сите физички лица кои навршиле 18 години, ако се психички здрави. Посебна деловна способност имаат физичките лица кои ги исполнуваат условите за стекнување на посебна правна способност и доколку се општо деловно способни. Ограничено деловно способни се физичките лица кои се ограничени во можноста да изјавуваат правно релевантна волја за да станат носители на определен вид граѓански субјективни права.
Трудот покажува дека, за потполно деловно способно се смета физичкото лице кое има навршено 18 години и е психички здраво. Делумна деловна способност имаат малолетните лица кои се над четиринаесетгодишна возраст и полнолетните лица на кои делумно им е одземена деловната способност со одлука на судот. Потполно деловно неспособни се малолетните лица кои се под четиринаесетгодишна возраст, како и полнолетните лица на кои целосно им е одземена деловната способност со одлука на судот.
Во трудот се анализира и престанокот на деловната способност. Трудот покажува дека еднаш стекнатата деловната способност може да престане и пред смртта на физичкото лице ако настапат причини за нејзино одземање. Одземањето на деловната способност во македонскиот правен систем е уредено со Законот за вонпарнична постапка. Во зависност од причините, одземањето на деловната способност може да биде потполно или делумно. Трудот исто така покажува дека ако дојде до престанок на причините поради кои била одземена деловната способност може да се бара враќање на деловната способност за што одлучува судот во вонпарнична постапка за враќање на деловната способност на физичкото лице.

**Користена литература**


1. Бабић, И., (2021). *Увод у грађанско право и стварно право, девето измењено и допуњено издање,* Београд: Службени гласник;
2. Vodinelić, V., (2020). *Građansko pravo, Uvod u građansko pravo i Opšti deo građanskog prava, četvrto izdanje,* Beograd;
3. Vukadinović, S., (2021). *Građansko pravo – opšti deo,* Beograd: Pravni fakultet Union;
4. Vedriš, M., Klarič, P. (2001). *Građansko pravo-Opći dio, stvarno, obvezno I nasljedno pravo, peto izdanje,* Zagreb: Narodne Novine;
5. Галев, Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј., (2021). *Облигационо право, додипломски студии,* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј";
6. Гамс, А., (1967). *Увод у грађанско право – општи део,* Београд: Научна книга;
7. Групче, А., (1976). *Граѓанско право-општ дел,* Скопје;
8. Групче, А., (1980). *Имотно (Граѓанско) право, Општ дел,* Скопје: Култура;
9. Георгиевски, С., (1970). *Правна и деловна способност на физичките лица, предавања учебна година 1969/70*, Скопје;
10. Живковска, Р., Пржеска, Т. (2021). *Граѓанско право – Општ дел*. Скопје: Европа 92;
11. Јаневски, А., Зороска – Камиловска Т., (2010). *Граѓанско процесно право, Книга втора, Вонпарнично право,* Скопје;

12. Ковачевић-Куштримовић, Р. (1995). *Грађанско право (општи део), друго измењено и допуњено издање.* Ниш: Сириус;
13. Пухан, И., Бучковски, В., Поленак-Аќимовска, М., Наумовски, Г., (2001). *Римско право,* Скопје;
14. Станковиђ, О., Водинелиђ В., (1995). *Увод у грађанско право*, Београд: Номос;
15. Станковиђ, О., Водинелиђ В., (2007). *Увод у грађанско право, шесто неизмењено издање,* Београд: Номос;
16. Стојановиђ, Д., Антиђ, О., (2004). *Увод у грађанско право, Београд*;
17. Fröde, C., (2012). *Willenserklärung, Rechtsgeshäft und Geshäftsfähigkeit,* Tübingen;
18. Германски граѓански законик (BGB);
19. Чешки граѓански законик (Občanský zákoník);
20. Француски граѓански законик (Code Civile);
21. Швајцарски граѓански законик (Swiss Civil Code);
22. Porodični zakon, Sl. glasnik RS, br. 18/2005, 72/2011 - dr. zakon i 6/2015;
23. Закон за вонпарнична постапка, Сл. весник на РМ, бр. 9/08;
24. Закон за наследувањето, Сл. весник на РМ, бр.47/96;
25. Закон за облигационите односи, Сл. весник на РМ, бр. 18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13;
26. Закон за работните односи, Сл. весник на РМ, бр. 62/05, 108/06, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и Сл. весник на РСМ, бр. 110/19;
27. Закон за ратификација на Конвенцијата за правата на детето, Сл. весник на СРЈ, бр. 150/90 и Закон за ратификација на Европската конвенција за остварување на правата на децата, Сл. весник на РМ, бр. 12/02;
28. Закон за семејството, Сл. весник на РМ, бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/ 15 и 150/15;
29. Закон за сопственост и други стварни права, Сл. весник на РМ, бр. 18/01, 92/08, 139/09, 35/10;
30. Zakon o obligacionim odnosima, Sl. list SFRJ, br. 29/78, 39/85, 45/89 - odluka USJ i 57/89, Sl. list SRJ, br. 31/93, Sl. list SCG, br. 1/2003 - Ustavna povelja i Sl. glasnik RS, br. 18/2020);
31. Zakon o obveznim odnosima, NN 35/05, 41/08, 125/11, 78/15, 29/18, 126/21, 114/22, 156/22;
32. Zakon o obligacionim odnosima, Sl. list CG, br. 47/2008, 4/2011 - dr. zakon i 22/2017;